Australian Government
Department of Health and Ageing

# National Pneumococcal Vaccination Program for Older Australians (Национална програма за вакцинација од пневмококална болест за постарите Австралијци)

# ФАКТИ

## Што е тоа Национална програма за вакцинација од пневмококална болест за постарите Австралијци?

За да се намали ударот од пневмококалната болест, Националната програма за вакцинација од пневмококална болест за постарите Австралијци ќе обезбеди **бесплатна вакцина против пневмококалната болест** за лицата на возраст од 65 или повеќе години од 1 јануари 2005 година.

## Зошто ми треба вакцина против пневмококална болест?

Пневмококалната болест опфаќа разни инфекции и може да биде опасна по живот. Пневмококалнта болест не ги погодува само децата. Лицата постари од 65 години и децата помали од две години се изложени на поголем ризик од заболување од пневмококална болест отколку останатото население. Дури и здравите лица на возраст од 65 или повеќе години се изложени на поголем ризик од заболување од оваа болест.

Во 2003 година беа регистрирани 602 случаи на серизно заболување од пневмококаклна болест и 90 смртни случаи кај Австралијци кои биле на возраст од 65 и повеќе години.

Домородечкото население на Австралија е, исто така, изложено на поголем ризик отколку недомородечкото население. Затоа, бесплатна вакцина е, исто така, достапна и преку Националната програма за имунизција на домородечкото население од пневмококална болест и грип (National Indigenous Pneumococcal and Influenza Immunisation Program) за сите лица од домородечко потекло постари од 50 години и оние на возраст од 15 до 49 години кои имаат здравствени фактори на ризик.



IMMUNISATION

Кај возрасните, пневмококалната пневмонија (воспаление на белите дробови) е нејчестата форма на серизно (агресивно) пневмококално заболување. Обично лицето треба да лежи во болница. Други форми на пневмококакално заболување се инфекција околу мозокот (менингит) и труење на крвта (септисемија).

Пневмококалната болест може да се појави во секое време од годината, иако инфекциите се чини дека се почести во зима и пролет. Вакцинацијата ќе помогне да се заштитите од пневмокоаклната болест.

## Знаци и симптоми

Пневмококалната болест може да предизвика разни болести во зависност од тоа кој дел од телото го напаѓаат, на пример:

- **Пневмонија** - инфекција на белите дробови. Симптомите се зголемена температура, кашлица, болки во градниот кош и тешкотии со дишењето како на пример плитко дишење.
- **Менингит** - инфекција на мозочните обвивки што го обвиткуваат мозокот и ‘рбетниот столб. Симптомите се висока температура, главоболка, здрвен врат, гадење и повраќање и, понекогаш, кома.
- **Бактеремија** - бактерии го напаѓаат крвотокот (познато и како септисемија); ова е серизна болест. Симптомите се температура, главоболка и болки во мускулите.

## Колку пати треба да се вакцинирам?

Препорачаната шема на вакцинации за групата на 65-годишни и постари од тоа лица е една доза на или околу 65-та година, а потоа една доза на ре-вакцинација 5 (пет) години подоцна.

Ако сте примиле вакцина против пневмококална болест во текот на изминатите 5 години, треба да се консултирате со вашиот домашен доктор или стручно лице кое врши вакцинации, за тоа дали ви е сега потрбена ре-вакцинација. Ре-вакцинација во рок од три години не се препорачува заради зголемниот ризик од локални реакции.

## Која е разликата помеѓу пневмококална и менингококална болест?

Менингококалната болест  ја предизвикува бактерија што е различна од бактеријата на пневмококалната болест. Иако менингококалната болест може да ги нападне сите лица, без оглед на нивната возраст, сепак таа, примарно, ги напаѓа децата помали од пет години и младите лица во групата од 15 до 24 години. Менингококалната болест обично се јавува

како воспаление околу мозокот (мозочните обвивки) и труење на крвта (септисемија).

## Како се шират бактериите на пневмококалната болест?

Бакетриите се шират преку капки што се распрскуваат од устата или носот со кашлање, кивање или преку контакт со предмети што биле контаминирани (загадени) со заразени капки. Кај повеќето од случаите ова не предизвикува никаква болест кај здравите лица, меѓутоа, лицата од високо ризични категории и тие со намален имунитет, можат да добијат пневмококална болест. До инфекција доаѓа кога пневмококалниот микроб го напаѓа организмот преку грлото или носот или кога ќе се вдише во белите дробови. Времето на инкубација (времето потребно микробот да предизвика знаци и симптоми) за пневмококалната болест може да биде кусо, дури и само 24 часа.

## Како можам да се заштитам?

Вакцината против пневмококалната болест, што се користи за спомнатата програма, се вика PneumoVax®23. Таа обезбедува заштита од 23 од најчестите типови на бактеријата што го предизвикува најголемиот број од случаите на пневмококална болест во Австралија. Затоа што има мал број на типови што не се покриени со вакцината, треба секогаш да побарате медицинска помош ако добиете кој и да е од знаците и симптомите на пневмококална болест, дури и ако сте биле вакцинирани.

Вакцината против пневмококална болест може да биде примена во исто време со вакцината против грип, но не заборавете дека вакцината против грип треба да се повторува секоја година.

## Ако сум добил пневмококална болест дали треба пак да се вакцинирам?

Постојат многу различни типови на пневмококална бактерија и инфекцијата со еден тип не ве прави имуни (отпорни) на другите типови. Затоа, се препорачува да примите вакцина.

## Каде можам да се вакцинирам?

Вакцината можете да ја примите таму каде што обично се вакцинирате, кај вачиот домашен доктор или во локалниот здравствен центар. Вакцината е бесплатна ако имате 65 или повеќе години. Не е потребно да ја купите вакцината од аптека.

## Дали вакцината има некакви пропратни ефекти?

Вакцината е многу безбедна. Некои луѓе може да добијат благи пропратни ефекти после вакцинацијата против пневмококална болест како мала болка или оток каде што е ставена инекцијата и понекогаш, малку зголемена температура. Како и секој лек, вакцините можат да предизвикаат сериозни алергични реакции, но шансите за тоа се крајно мали.

## Повеќе информации

Најпрво треба да се обратите кај вашиот домашен доктор или во службата каде што обично се вакцинирате за да дознаете повеќе за Програмата. Друг начин е да стапите во контакт со Одделот за здравство во вашата држава или територија на броевите наведени подолу.

| **Држава/Територија** | **Број за контакт** |
|---|---|
| **Australian Capital Territory** | **02 6205 2300** |
| **New South Wales** | **Public Health Unit (побарајте под “Health” во телефонскиот именик)** |
| **Northern Territory** | **08 8922 8044** |
| **Queensland** | **07 3234 1500** |
| **South Australia** | **08 8226 7177** |
| **Tasmania** | **03 6222 7724 или 1800 671 738 (само за Тасманија)** |
| **Victoria** | **1300 882 008** |
| **Western Australia** | **08 9321 1312** |

Повеќе информации, исто така, можете да добиете од телефонската информативна линија на **1800 671 811** или на вебсајтот на Програмата за имунизирање на Австралија (Immunise Australia Program): ***http://immunise.health.gov.au/olderaus/pneumococcal.htm***

**Забалешка:** Националната програма за имунизација на домородечкото население против пневмококална болест и грип обезбедува бесплата вакцина за сите лица од домоoften потекло кои се постари од 50 години и оние од 15 до 49 години кои имаат здравствени фактори на ризик. Во тие фактори спаѓаат хронични болести како загрозен имунитет, инфекција со ХИВ, акутна болест на бубрезите, проблеми поврзани со алкохол, заболување на срцето или белите дробови и пушење.